**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.9**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 333 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 24.07.2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За стекнување сопствени акции со откуп

**Чл.1**

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, по најниска цена од 750 денари односно највисока цена од 5000 денари.

**Чл.2**

Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се изврши од сметката на Друштвото.

**Чл.3**

Купувањето на сопствените акции ќе се изврши од расположивите средства на Друштвото.

**Чл.4**

Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

**Чл.5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622